# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 17 | петок, 12 декември 2025 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

### Градоначалник на Општина Струмица:

**Рег.бр.** **Стр.**

**494.Решение** за разрешување на должноста директор на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица..... **2**
**495.Решение** за именување вршител на должност директор на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица…………………………………………………………………………………………………… **2**
**496. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 4-та седница на Советот на општина Струмица ........................................................................................................... **2**

### Совет на Општина Струмица:

**Рег.бр** **Стр.**

**497.Одлука** за доделување Годишна награда „Свети Петанесет Тивериополски Свештеномаченици“ и награда за Животно дело на Општина Струмица „Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици“ за 2025 година............**3**

**498.Одлука** за проширување на средствата на Буџетот на Општина Струмица за 2025 година ..........................................................**4**

**494.**

Врз основа на член 24-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица донесе:

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на должноста директор на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица**

1.Од должноста директор на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица се разрешува Благој Милановиќ, заклучно со 14.12.2025 година, по лично барање.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 12.12.2025 година директорот на ЈПЕД „Струмица-Гас” Струмица Благој МИлановиќ поднесе неотповиклива оставка заверена со наш број 03-9068/1 од 12.12.2025 година до Градоначалникот на општина Струмица од функцијата директор на ЈПЕД „Струмица-Гас” Струмица поради лични причини.

Бр.09-9068/2 Општина Струмица
12.12.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Петар Јанков

.....................................

**495.**

Врз основа на член 24-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 39 став 1 алинеја 9 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должност директор на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица**

**Член 1**

1.За вршител на должноста директор на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица се именува Томе Стојчев, дипломиран машински инженер од Струмица.

**Член 2**

2.Вршителот на должноста директор се именува сметано од 15.12.2025 година, но не подолго од 6 (шест) месеци.

**Член 3**

3.Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-9068/3 Општина Струмица
12.12.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Петар Јанков

.....................................

**496.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ 202/24“) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 4-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 4-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 11.12.2025 година и тоа:

1.Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Струмица за 2025 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-9041/2 Општина Струмица
11.12.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Петар Јанков

**497.**

Врз основа на член 10 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15,8/18, 16/19 и 29/19) и член 28 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна општинска награда "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици ("Службен гласник на Општина Струмица" број 19/07,23/09,25/09 и 18/22), Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 25.11.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување Годишна награда „Свети Петанесет Тивериополски Свештеномаченици" и награда за Животно дело на Општина Струмица „Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за 2025 година**

**Член 1**

Годишната награда на Општина Струмица „Свети Петанесет Тивериополски Свештеномаченици" за 2025 година како признание на Општина Струмица за посебни остварувања се доделува на:

1. **Хуманитарно здружение „Дијаконија" - за особен придонес во општествената и хуманитарна дејност**
2. **Кристина Зимбакова – за особен придонес во областа на уметноста**
3. **Здружение „Струма" - за особен придонес во областа на уметноста и културата**
4. **„Серафимов ГРУП ДООЕЛ" - за особен придонес во областа на техничката култура**
5. **УЈП – Регионална дирекција Струмица – за особен придонес во воспитниот и образовен процес**
6. **Динчо Стојанов – за особен придонес во хуманоста и крводарителството**
7. **Кољо Черкезов – за особен придонес во областа на културата**

**Член 2**

Како општествено признание за вонредно значајни остварувања од посебен интерес на Општина Струмица и Република Северна Македонија, се доделува наградата "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за животно дело во 2025 година на:

**Браќа Георги и Миле Барбаровски – за особен придонес во областа на уметноста и културата**

Наградата за животно дело се состои од диплома, плакета и бронзен медал.
Годишната награда на физички лица се состои од диплома, плакета и бронзен медал.
Наградата на правни лица се состои од диплома, плакета и бронзен медал.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Струмица"

Бр.08-7906/30
25.11.2025 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Владимир Ристов

……………………………..

**498.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на педесеттата седница одржана на 11.12.2025 година, донесе

**Одлука**
**за проширување на средствата на Буџетот на Општина Струмица за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Струмица за 2025 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Se zgolemuvaat prihodite na slednite potastavki : | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 13.686.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **13.686.000** | **0** | **0** |
| i se raspreduvaat na slednite rashodni potastavki : | | | | | |
| **H10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 600.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 1.200.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 4.018.000 | 0 | 0 |
| 421290 | Други материјали за греење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 65.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 424410 | Поправки и одржување на мебел | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 250.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 5.800.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 565.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 338.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **13.686.000** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Струмица“ и истата станува составен дел на Буџетот на Општина Струмица за 2025 година.

Бр.08-9040/1
11.12.2025 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Никола Маџунков